**Република Северна Македонија**
**Основен суд Струга**
**СУ-07 бр. 46/22**
**28.11.2022 година**
**С т р у г а**

Судскиот администратор на Основниот суд Струга, Ристо Настоски, врз основа на чл. 36.ст.1 од Законот за судска служба (Службен весник на РСМ бр.43/14;33/15; 98/15; 6/16; 198/18 и 248/18) врз основа на објавен оглас бр 1/2022 СУ-04.бр.49/22 од 20.10.2022 година на Основниот суд Струга, а по спроведената постапка за вработување на судски службеник, Самостоен судски референт –Водител на писарница, 1-еден извршител, на ден 28.11.2022 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**за избор на Самостоен судски референт-Водител на писарница**

Судскиот администратор на Основниот суд Струга, врз основа на Конечната ранг листа СУ-04.бр.53/22-14 од 25.11.2022 година од постапката за вработување и Предлог на кандидат за вработување СУ-04.бр. 53/22-15 од 25.11.2022 година, доставен од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник во Основниот суд Струга за работно место Водител на писарница, 1-еден извршител, шифра СУД 0101Г01001, **ГО ИЗБИРА** кандидатот

**Рената Будиноска.**

По конечноста на оваа одлука за избраниот кандидат ќе биде донесено Решение за засновање на работен однос за работно место Водител на писарница во Основен суд Струга.

**О б р а з л о ж е н и е**

Основниот суд Струга објави Оглас за вработување на еден судски службеник, Самостоен судски референт-Водител на писарница, под број 1/2022 СУ-04.бр.49/22 од 20.10.2022 година, во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха".

Од страна на Комисијата за селекција за вработување на судски службеник, во Основниот суд Струга до Судскиот администратор на Основниот суд Струга, после спроведувањето на постапката за вработување, согласно член 35 ст. 1 од Законот за судска служба беше доставена Конечната ранг листа СУ-04.бр.53/22-14 од 25.11.2022 година од постапката за вработување и Предлог на кандидат за вработување СУ-04.бр. 53/22-15 од 25.11.2022 година, за работното место Водител на писарница, 1-еден извршител.

Со предлогот, Комисијата, на Судскиот администратор, согласно член 35 ст.1, му го предложи најдобро рангираниот кандидат за работното место Водител на писарница, 1-еден извршител и тоа кандидатот Рената Будиноска.

Судскиот администратор имајќи ги во предвид Конечната ранг листа и Предлогот на кандидат за вработување доставени од Комисијата за селекција за вработување на судски службеник при Основниот суд Струга, а постапувајќи согласно чл. 36 ст.1 од Законот за судска служба го изврши следниот избор:

**За работното место Водител на писарница, во Основниот суд Струга, 1-еден извршител, шифра СУД 0101Г01001, го избира кандидатот Рената Будиноска.**

При изборот на кандидатот Судскиот администратор ја имаше предвид Конечната листа и предлогот од Комисијата за вработување на судски службеник, остварените резултати од административната селекција, покажаните резултати од испитот, како и од интервјуто спроведено од страна на Комисијата врз основа на што ја донесе оваа одлука.

Од Основниот суд Струга, на ден 28.11.2022 година.

**Судски администратор,**
Ристо Настоски

**Поука:** Кандидатот кој не е избран има право на жалба, преку Основниот суд Струга, до Советот на судска служба, во рок од 8 дена од денот на приемот на писменото известување за извршен избор.
**Д-на:** Рената Будиноска

**Одлуката за избор од страна на судскиот информатичар да се објави на интернет страницата и огласната табла на судот.**